# 292. ФИЛИЗО МОМЕ ФИЛИЗО




Филизо моме Филизо,
малој моме излези на пенџерето,
ај да ти го видам лицето.

Да ти го видам лицето,
малој моме што лице носиш на тебе,
ај дали прилегат за мене.

На слика да го слукувам,
малој моме в'тефтерот да го наредам,
ај в'тефтерот да го наредам.

В'тефтерот да го наредам,
малој моме за кога ќе одам на војска,
ај за когога ќе одам на војска.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995